Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

## Соопштение

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги известува млекопроизводителите дека рокот за поднесување на барања за директни плаќања за произведено и предадено овчо, козjо и кравјо млеко во период од јануари до април 2016 година е до 15 јуни, како и од 25 јуни до 30 јуни 2016 година. Висината на поддршката изнесува 3,5 денари по литар. Барањата се поднесуваат по електронски пат во подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство каде што е регистрирано земјоделското стопанство.

Исто така, до 15 јуни, како и од 25 јуни до 30 јуни 2016 година завршува рокот за поднесување на барања за директни плаќања за несилки внесени во капацитет за производство на јајца во период од јануари до април 2016 година. Висината на поддршката изнесува 100 денари за купена и внесена неслика во одгледувалиште на кокошки несилки за производство на јајца. Барањата се поднесуваат во писарницата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, лично или пошта. Образецот за поднесување на барањата како и потребната документација може да поднине во Агенцијата или да се превземе од веб страната: www.ipardpa.gov.mk, во полето „Директни плаќања 2016“, „Обрасци“.

Воедно, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги известува барателите дека рокот за поднесување на барање за мерките по површина и грло добиток завршува на 30 јуни 2016 година.